# ОПШТИНА РОСОМАН

Ул.Пролетерска 1а ; 1422 Росоман ; Република Северна Македонија
Тел: +389 43 441 443 Факс: +389 43 441 331
www.opstinarosoman.gov.mk e-mail: opstrosoman@yahoo.com


Врз основа на Член 5 од Одлуката за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман („Службен гласник на Општина Росоман“ бр. 06/26 од 29.04.2026 година), Советот на Општина Росоман објавува:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА РОСОМАН
Бр. 09-554/1
19.06 2026 год.
РОСОМАН

## ЈАВЕН ПОВИК

За предлагање/номинирање на претставници (членови) во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман

Се повикуваат сите надлежни институции, органи, здруженија и тела да достават свои предлози/номинации за именување на членови во Општинскиот совет за превенција на детско престапништво на Општина Росоман.

Согласно Член 3 од Одлуката и во врска со член 181 став 3 од Законот за правда на децата, Општинскиот совет има најмногу 9 членови, а номинации се очекуваат од следните структури за по еден претставник:

-Министерство за внатрешни работи;
-Министерство за труд и социјална политика / Центар за социјална работа;
-Совет на родители од Основните училишта на подрачјето на Општина Росоман;
-Унија на средношколци;
-Адвокатска комора;
-Здруженија на граѓани и фондации кои работат на полето на заштитата на правата на децата;
-Јавен обвинител кој работи на областа на детско престапништво;
-Судија за деца односно судија определен од претседателот на судот.

**Услови и мандат**:

Членовите на Општинскиот совет се именуваат за време од пет (5) години, со право на повторен избор.

Од редот на членовите на Општинскиот совет дополнително ќе се избере претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.

**Потребни документи за номинација**:

-Официјален допис/предлог за номинација потпишан и заверен од одговорното лице на институцијата/здружението.
-Кратка биографија (CV) на предложениот кандидат со податоци за контакт.

**Рок и начин на доставување**:

Предлозите со комплетната документација да се доставaт во рок од 15 дена од денот на објавувањето на овој јавен повик, во архивата на Општина Росоман или по пошта на адреса: Општина Росоман, ул. „Пролетерска“ бр 1 А, 1422 Росоман, со назнака: „За Јавен повик – Општински совет за превенција“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РОСОМАН
Претседател
Ангел Камчев с.р